# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ
## За период Јануари - Декември 2018 година

Алкалоид АД Скопје за периодот Јануари - Декември 2018 оствари позитивни финансиски резултати искажани во неревидираните единечен и консолидиран Биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2018 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на Алкалоид АД Скопје.

**Вкупни приходи**

Остварените единечни вкупни приходи во периодот Јануари - Декември 2018 година изнесуваат 7.885.888 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2017 година бележат пораст од 8%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 95%, имаат приходите остварени со продажба на производи и услуги кои во споредба со остварените во 2017 година бележат пораст од 8%.

Остварените консолидирани вкупни приходи во периодот Јануари - Декември 2018 година изнесуваат 10.087.049 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2017 година бележат пораст од 7%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 97%, имаат приходите остварени со продажба на производи и услуги кои во споредба со остварените во 2017 година бележат пораст од 8%.

**Вкупни расходи**

Остварените единечни вкупни расходи во периодот Јануари - Декември 2018 година изнесуваат 6.969.048 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2017 година бележат пораст од 8%.

Остварените консолидирани вкупни расходи во периодот Јануари - Декември 2018 година изнесуваат 9.118.283 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2017 година бележат пораст од 7%.

**Дивиденда**

На 2 април 2018 година на Годишното собрание на акционерите е одобрена пресметка и исплата на бруто дивиденда за 2018 година во износ од 386.465 илјади денари односно 270 денари бруто за една акција. Исплатената нето дивиденда во 2018 година изнесува 243 денари за една акција.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот Јануари - Декември 2018 година изнесуваат 1.081.737 илјади денари.

**Обврски по кредити**

Вкупните консолидирани обврски по кредити на 31.12.2018 година изнесуваат 588.202 илјади денари и во споредба со состојбата на 31.12.2017 година бележат намалување од 10%.

**Нови вработувања**

Во периодот Јануари - Декември 2018 година во Алкалоид се реализирани 212 нови вработувања во Република Северна Македонија.

**Поважни позиции од билансот на успех**

Остварените единечни и консолидирани резултати од работењето за периодот Јануари - Декември 2018 година, структурата, динамиката и споредбите со остварувањата во претходната година се прикажани во следните табели:

**Единечни продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2018 | | 2017 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **18/17** |
| Домашен пазар | 2.756.152 | 37 | 2.654.758 | 38 | 104 |
| Странски пазар | 4.749.962 | 63 | 4.277.418 | 62 | 111 |
| **Вкупно:** | **7.506.114** | **100** | **6.932.176** | **100** | **108** |

**Консолидирани продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2018 | | 2017 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **18/17** |
| **Домашен пазар** | **3.624.093** | **37** | **3.486.685** | **38** | **104** |
| Југоисточна Европа | 3.384.574 | 35 | 2.996.158 | 33 | 113 |
| Русија и други земји во ЗНД | 616.387 | 6 | 642.236 | 7 | 96 |
| Западна Европа (ЕУ и ЕФТА) | 2.015.106 | 21 | 1.847.184 | 20 | 109 |
| Други земји (САД, Турција и др.) | 143.126 | 1 | 122.453 | 1 | 117 |
| **Вкупно странски пазари** | **6.159.193** | **63** | **5.608.031** | **62** | **110** |
| **Вкупно:** | **9.783.286** | **100** | **9.094.716** | **100** | **108** |

Од вкупните консолидирани продажби, 63% се остварени на странски пазари. Најголем пораст кај извозните пазари е остварен во следните земји: Унгарија раст од 307%, Полска раст од 306%, Украина раст од 86%, Чешка раст од 62%, Грузија раст од 51%, САД раст од 22%, Србија раст од 21%, Косово раст од 20%, Бугарија раст од 10%, Романија раст од 5% итн.

(Во 000 Ден)

| | 2018 | | 2017 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Групи на производи** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **18/17** |
| Антибиотици | 1.411.236 | 14 | 1.240.897 | 14 | 114 |
| ОТЦ препарати | 2.109.469 | 22 | 1.906.806 | 21 | 111 |
| Кардиолошки препарати | 1.609.540 | 17 | 1.484.970 | 16 | 108 |
| Невролошки препарати | 1.294.730 | 13 | 1.197.654 | 13 | 108 |
| Останати линии | 913.435 | 9 | 894.061 | 10 | 102 |
| **Вкупно производи - Алкалоид** | **7.338.410** | **75** | **6.724.388** | **74** | **109** |
| Трговска стока | 967.840 | 10 | 904.863 | 10 | 107 |
| Услуги и останати приходи | 52.372 | - | 66.712 | 1 | 79 |
| **Вкупно Фармација** | **8.358.622** | **85** | **7.695.963** | **85** | **109** |
| **Вкупно Хемија** | **234.042** | **3** | **287.194** | **3** | **81** |
| **Вкупно Козметика** | **898.878** | **9** | **841.275** | **9** | **107** |
| **Вкупно Билкарство** | **291.744** | **3** | **270.284** | **3** | **108** |
| **Вкупно:** | **9.783.286** | **100** | **9.094.716** | **100** | **108** |

**Поважни позиции од билансот на успех (продолжение)**

**Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (ЕБИТДА)**

**(Во 000 Ден)**

| | **2018** | | **2017** | | **Инд** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **% во Продажби** | **Износ** | **% во Продажби** | **18/17** |
| Единечна ЕБИТДА | 1.478.890 | 20 | 1.305.755 | 19 | 113 |
| Консолидирана ЕБИТДА | 1.555.517 | 16 | 1.413.337 | 16 | 110 |

**Нето добивка**

**(Во 000 Ден)**

| | **2018** | | **2017** | | **Инд** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **% во Продажби** | **Износ** | **% во Продажби** | **18/17** |
| Единечна Нето добивка | 848.199 | 11 | 765.955 | 11 | 111 |
| Консолидирана Нето добивка | 862.411 | 9 | 809.277 | 9 | 107 |

Остварената единечна Нето добивка во 2018 година изнесува 848.199 илјади денари и во споредба со остварената во 2017 година бележи зголемување за 11%.

Остварената консолидирана Нето добивка во 2018 година изнесува 862.411 илјади денари и во споредба со остварената во 2017 година бележи зголемување за 7%.